Министерство за образование и наука -Биро за развој на образованието
Ministria e ArsimitdheShkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# ПЛАНИРАЊЕ, ПОДГОТОВКА, ЗАДАВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ДОМАШНИТЕ ЗАДАЧИ ВО ПРВО И ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ

Во согласност со новата Концепција за основно образование, како и реформите во основното образование кои произлегуваат од неа, прво и четврто одделение од оваа учебна 2021/2022 година започнуваат со реализација на нови наставни програми. Новите наставни програми имаат нов пристап кон поучувањето при што приоритет **се интересите и потребите на учениците** кои се во фокусот на наставата. Новините кои се однесуваат на процесот на поучувањето се надоврзуваат и во задавањето на домашните задачи кои се сметаат за еден од начините за развивање самостојната работа во учењето, стекнување навики и редовност во извршувањето на обврските, како и подготовка во насока на самообразование. Оттаму и потребата за сериозен пристап при нејзиното планирање, задавање и проверување.

Први клучни фактори за одредување на домашната задача се: возраста на учениците и нивниот когнитивен развој како и условите во кои се учи - во училиште и дома. Домашната задача е продолжение на работата од училиште и треба: да упатува на резимирање на заклучоците, да е поврзана и да се потпира на искуството на ученикот, да бара од ученикот усвојување на знаења од повисоко ниво и повисоки постигања.

При планирањето треба да се внимава на тежинското ниво (ниво кое одговара на знаењата и способностите на ученикот) како и на разнообразноста на зададените задачи (проблемски задачи, прибирање информации, прибирање материјали, следење појави и процеси, есеи).

При задавањето на домашната задача наставникот/наставничката треба да стекне уверување дека учениците ги разбрале насоките и дека сите ученици ќе ја изработат домашната самостојно. За таа цел, при задавањето на домашните задачи наставникот/наставничката треба да биде сигурен дека:

- целите се јасно дефинирани;
- барањата се јасни за секој ученик/ученичка;
- домашната задача е со соодветно ниво на тежина;
- домашните задачи нема да им одземат многу време на учениците дома.

Исто така наставникот/наставничката треба да:

- обезбеди листа на потребните материјали за изработка на домашната задача;
- има подготвено дополнителни задачи за учениците кои сакаат поголем предизвик;

- има подготвено специјализирани задачи на учениците кои имаат проблеми во одредена област;

Важен сегмент е следењето и оценувањето на домашните задачи. Наставникот/наставничката треба да го следи извршувањето на домашните задачи на секој ученик/ученичка, навремено да му дава повратни информации за учењето и постигањата, да го поттикнува на саморефлексија и самооценување, да му помага да си постави цели за учење и да му дава насоки како да ги постигне.

Бележењето и документирањето на напредокот и достигнувањата на учениците на домашните задачи им овозможува на наставниците да направат рефлексија врз сопствената работа, вреднувајќи ја ефективноста на одделни приоди во наставата, од аспект на нивниот придонес во постигнување на поставените цели на учењето. Документирањето на напредокот и достигнувањата на учениците им овозможува на наставниците да ги вклучат родителите/старателите во пообјективно анализирање на постигањата, но и во следните чекори во учењето на нивните деца.

## Прво одделение

Во делот од престојот во училиште кога учениците се посветуваат и реализираат и други активности, наставникот планира и спроведува активности преку кои на различни начини учениците ќе го повторат, извежбаат или дополнително ќе го разговаараат и интерпретираат она што го учеле тој ден. Особено е важно да нагласиме дека кај учениците од оваа возраст е важно да се развијат психолошките функции неопходни за извршување на продуктивни активности на учење, а не само тренирање на вештини. Согласно ова, за учениците од прво одделение не се предвидува задавање на домашни задачи. Наместо тоа наставникот/наставничката со учениците реализира активности како:

- читање и слушање – учениците треба да научат да слушаат внимателно, а потоа за истото да умеат да разговараат. Активностите поврзани со слушање и разговарање за текстови соодветни на возраста и интересите на првоодделенците е добар почеток за развивање на интересот и желбата за читање. Позитивниот став кон читањето ќе произлезе од добро осмислените активности исто колку и од добро одбраното четиво;
- активности за презентирање на разбраното – учениците треба да се охрабрат да се изразат во медиум кој им одговара: цртеж, боја, движење итн.

- активности за експресија на чувствата кои ги имаат учениците додека нешто работат во училиште;
- активности поврзани со развој на меморирање на визуелни слики на букви/бројки. Наставникот организира активности во кои ќе побара од ученикот/ученичката да најде различни букви/бројки на тастатурата од компјутерот, во сликовница, во учебник. Исто така, добро е ученикот да може да ги *твори* буквите и бројките користејќи пластелини и други материјали;
- активности за глобално читање во текот на првото полугодие, читање натписи, реклами на продавниците или пак регистарските таблички од автомобилите;
- активности во кои, освен што се поставуваат прашања од отворен тип - препознавање на точно и неточно и давање егзактни одговори, да се прашува и *зошто* со поттик за објаснување. На пример*„Зошто четири плус четири е еднакво на осум?“*
- активности кои овозможуваат учениците да се стекнат со искуство во врска со она што го учат, стануваат посвесни за своето знаење и сфаќаат дека училиштето не е единственото место каде може да се дојде до информации и да се научи нешто. Пример*, ученикот сади семе и се грижи да порасне.*

За учениците од прво одделение не се планирани активности за дома, но сепак, родителите/старателите како еден од чинителите на триаголникот наставник, ученик, родител, потребно е да бидат во тек со она што се случува со нивното дете и неговото напредување како и евентуалните проблеми со кои се соочува. За таа цел, постојаната комуникација со родителите/старателите е клучна и неопходна.

<u>Четврто одделение</u>

За учениците од четврто одделение се предвидени домашни задачи, во насока на постигнување на националните стандарди, резултатите од учење, усогласени со возраста на учениците и времето предвидено за нивна реализација.
Поголем дел од планираните активности се препорачува да се реализираат во училиште, а останатиот дел дома, но истите да не одземаат повеќе од 40 минути. Активностите треба да бидат различни секој ден и да ги опфаќаат сите предмети (притоа не се мисли дека секој ден треба да се има активности за секој предмет преку кои ќе се повторува она што било учено, туку во оној дел во кој наставникот смета дека има потреба или пак е интерес на учениците).

Предлог активности за реализација со учениците од четврто одделение:

- активности кои го ставаат ученикот/ ученичката во проблемски ситуации кои водат кон продлабочување на учењето на ученикот/ученичката, со кои се бара негово размислување и став поткрепен со докази, преку што ќе се обезбеди поголема активност и ангажираност. Пример: учениците може да собираат податоци за некои подолгорочни проекти, во зависност од нивните претходни знаења и вештини, и секако интереси. Притоа, за да се поттикне креативно и критичко размислување и поттикнување повисоки мисловни процеси, домашните задачи треба да бидат во вид на истражувања по одреден проблем, хипотези, проекти, решавање проблемски ситуации и отворени задачи и слично. Целата активност на учениците треба да биде насочена кон самооткривање на поимите, процесите и појавите;
- вклучувањето на семејството во домашната задача треба да се направи по согледувањето на условите во кои учениците живеат и со почитување на нивните специфики од социјален и материјален карактер и поседување на дигитална технологија.
- давање на соодветен број на домашни задачи: Учениците не треба да добиваат упатства за домашна задача: *„Решете ги задачите од 1 до 10 на страна 25 од учебникот по математика"*.Наместо тоа, може да се изберат три или четири проблеми кои овозможуваат примена на вештините; или да им се понуди на учениците тие *да го прaваат изборот на домашни* задачи*; или да се побара да напишат тр*и проблеми по математика, бидејќи со самото составување на проблемот ученикот размислува и за начинот на решавање на истиот;
- читање на материјали со кои се сретнуваат во секојдневниот живот: реклами, брошури, флаери, возни редови, репертоари и воочување на информации од нив. На тој начин учениците полесно можат да ги постигнат очекуваните резултати од учењето доколку го доживуваат она што го учат како релевантно и корисно, односно како нешто што можат да го донесат во релација со секојдневниот живот;
- слушање, читање и раскажување текстови од книги, новинарски статии, информации од блогови и проверени сајтови;
- домашни задачи кои им овозможат на учениците да ги интегрираат знаењата од повеќе предмети и да ги применуваат во решавањето проблеми од секојдневни ситуации, како и да ги развиваат своите потенцијали и творечките способности. На

пример, учениците истражуваат кои отпадоци се најштетни за природата во нивната околина.

Со дигитализацијата во образованието се отвораат нови можности за креирање различни активности кои треба да бидат во координација со дигиталните компетенции на учениците кои полека ќе се развиваат.Следствено на тоа и домашните задачи може да бидат испланирани и зададени од страна на наставникот на некои од дигиталните платформи.

Подетални насоки за начинот на планирање и реализрање на домашните задачи на далечина можата да се најдат во Упатството за методика на наставата на далечина во основното и средното образование, достапно на следниот линк: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2021/03/Upatstvo-za-metodika-za-nastava-na-dalecina-1.pdf